**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**2024 ГОДИНА**

Во текот на 2024 година, Акција Здруженска обезбеди континуитет на финансиска и менторска поддршка за локални женски граѓански организации на терен што овозможи значајно проширување на нивната поддржувачка околина особено помеѓу жените во руралните средини. Благодарение на поддршката на Акција Здруженска вкупно 8 организации реализираа активности во 18 општини и 57 рурални заедници при што беа опфатени вкупно 6.383 жени. Забележан е пораст на бројот на жени кои активно се вклучуваат во работата на поддржаните организации идентификувајќи се со нивната мисија и придонесувајќи кон поефикасно и повидливо застапување на интересите на локалната заедница. Дополнително се зацврсти хоризонталната поврзаност преку меѓусебна соработка помеѓу организациите и жените на локално ниво. Вклучувањето на жените во процесите на програмирање и буџетирање во кои доминираат мажи, резултираше со голем број прифатени предлози од страна на институциите на локалната самоуправа, со што одлуките на заедниците и локалните власти сè повеќе ги рефлектираат потребите на жените, станувајќи поинклузивни и поодговорни кон маргинализираните групи. Зголемената видливост и преговарачка моќ постигната преку поддршката на Акција Здруженска им овозможи на жените од заедницата да ги предизвикаат постојните односи на моќ во нивните заедници и да ја намалат својата изолираност. Успешното застапување на жените донесе позитивни промени не само во нивното секојдневие, туку и во заедниците во целина: Подобрена мобилност преку субвенциониран јавен превоз; Намалување на домашниот товар преку воспоставување на услуги за грижа за деца и обезбедување чиста вода; Подобрена безбедност преку поставување улично осветлување, поставување „легнати полицајци“ и изградба на пешачки зони, особено околу училиштата;

Подобрена животна средина и инфраструктура преку организирано собирање отпад, изградба на канализациски системи и расчистени диви депонии; Уредување јавни простори вклучително и детски игралишта; Реновирани училишта и училишни дворови. Најзначајниот резултат од Фондот на Акција Здруженска е тоа што зголемените капацитети и уникатната поврзаност со женските заедници на поддржаните организации беа препознаени од страна на националните граѓански организации и меѓународната заедница, со што се зголеми релевантноста и влијателниот потенцијал на локалните женски организации како дел од женското движење. За првпат, поддржаните локални женски организации, а особено лидерките од заедниците, беа поканети и добија можност директно да ги претстават и дискутираат своите предизвици, искуства од теренот, како и стратегии за застапување и препораки, за време на различни национални и прекугранични работни и посети за размена, панел-дискусии и конференции.

Проширена е комуникацијата со нови меѓународни мрежи и феминистички фондови и споделена е методологијата за теренски опфат на жени која беше препознаена од меѓународни сродни организации.

Успешно помина процес на надворешна проценка и контрола на внатрешното управување, особено на политиките и практиките за управување со грантови и спроведе надворешна евалуација на програмата за институционално поддршка. Спроведен е партиципативен процес на стратешко планирање, што резултираше со Стратешки план на Акција Здруженска за периодот 2025–2027, а дополнително, беше унапреден и системот за управување со податоци.

## ФОНД ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЖЕНСКИ АКТИВИЗАМ

Во рамките на Фонд за поддршка на локалниот женски активизам, Акција Здруженска оваа година објави четири таргетирани и еден отворен повик за доделување на грантови. Поддржани беа 8 локални женски организации со доделена финансиска поддршка во износ од 6.780.797 МКД преку следните типови на грантови:

## 1. *Институционални грантови*

6 институционални грантови за период од 14 месеци (јануари 2024 – февруари 2025)

- Вкупен износ: 5.114.358 МКД

## 2. *Акциски грантови*

5 застапувачки грантови за период од 15 месеци (јули 2024 - август 2025)

- Вкупен износ: 2.764.010 МКД

## 3. *Филантропски акции*

4 иницијални (seed) грантови за филантропски иницијативи на Женските кружоци за мобилизација на средства и ресурси од локалната заедница (мај 2024 – јануари 2025)

- Вкупен износ: 340.500 МКД

**ЛИСТА НА ГРАНТИСТИ ПОДДРЖАНИ ОД ФОНДОТ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЖЕНСКИ АКТИВИЗАМ**

| Име на грантист | Име на проект | Годишен вкупен трансфер (МКД) | Општа цел на проектот |
|---|---|---|---|
| Организација на жени – Струмица | Институционална поддршка 3 | 819.087 МКД | Зголемување и одржливост на активната женска заедница за поголемо влијание врз локалните политики и програми заради унапредување на родовата еднаквост на локално ниво |
| Хуманитарно Здружение „Мајка“ Куманово | Институционална поддршка 3 | 824.404 МКД | Подобрување на животот на жените посебно на руралните жени преку интеграција на родовата перспектива во локалните процеси на креирање политики и буџетирање во Општина Куманово. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Радика Де - Дебар | Институционална поддршка 3 | 725.991 МКД | Да придонесеме кон економско јакнење за социјално маргинализирани жени од руралните средини на општините Дебар и Центар Жупа преку засилено граѓанско застапување фокусирано на мерки и политики кои соодветствуваат на потребите на оваа категорија на граѓани |
| Граѓанска иницијатива не жени – ГИЖ Свети Николе | Институционална поддршка 3 | 624.450 МКД | Зајакнати жени и создадени можности за нивно учество да дадат придонес во донесувањето на годишните програми и буџет на општина Свети Николе и Лозово, Зајакнати жени за искористување на активните мерки за вработување |
| Асоцијација за унапредување на статусот на жените во Македонија – Женска Акција Радовиш | Институционална поддршка 3 | 571.488 МКД | Поголемо влијание на жените врз политиките, програмите и буџетите на општините Радовиш и Конче преку нивно зголемено вклучување и Поголема ефикасност во превенцијата и заштитата од родово базирано насилство во општините Радовиш и Конче. |
| ОЖ “Женско Лоби” Демир Капија | Институционална поддршка 1 | 774.681 МКД | Да се зајакне и прошири теренската мрежа и женското учество во креирањето на локалните политики |
| ОЖ “Женско Лоби” Демир Капија | Поддршка на теренски иницијативи | 299.400 МКД | Зајакнување и проширување на теренски мрежи за поддршка |
| Граѓанска иницијатива не жени – ГИЖ Свети Николе | Поддршка на теренски иницијативи | 262.300 МКД | Зајакнување и проширување на теренски мрежи за поддршка |
| Радика Де - Дебар | Поддршка на теренски иницијативи | 247.376 МКД | Зајакнување и проширување на теренски мрежи за поддршка |
| Женски Форум - Тетово | Поддршка на теренски иницијативи | 244.020 МКД | Зајакнување и проширување на теренски мрежи за поддршка |
| Граѓанска иницијатива на жени Клеа – Битола | Поддршка на теренски иницијативи | 121.223 МКД | Зајакнување и проширување на теренски мрежи за поддршка |
| Женскиот Кружок Прждево (Женско Лоби) | Филантропска иницијатива за изградба на паркче и уредување со урбана опрема | 39.760 МКД | Мобилизација на ресурси од заедницата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Женски кружок Табановце (ХЗ Мајка – Куманово) | Уредување на јавна површинна во центарот на село Табановце | 39.760 МКД | Мобилизација на ресурси од заедницата |
| Женскиот Кружок Центар Жупа (Радика Де – Дебар) | Опремување на Женскиот центар доделен на Женскиот Кружок Центар Жупа од Општина Центар Жупа. | 56.800 МКД | Мобилизација на ресурси од заедницата. |
| Женскиот Кружок Лубница (Женска Акција – Радовиш) | Опремување на Женски простор доделен на Женскиот Кружок Лубница од Општина Конче. | 56.800 МКД | Мобилизација на ресурси од заедницата |
| **Вкупно:** | | **5.707.540 МКД** | |

**Табела 1.** Листа на грантисти

**РЕЗУЛТАТИ ОД ДОДЕЛЕНАТА ПОДДРШКА НА ГРАНТИСТИ**




**Приказ 1.** Преглед на теренски опфат на жени




**Приказ 2.** Преглед на директно застапување

**ПРЕГЛЕД НА МОБИЛИЗИРАНИ РЕСУРСИ ОД ФИЛАНТРОПСКИ АКЦИИ**

| | |
|---|---|
| Број на индивидуални поддржувачи | 50 |
| Број на локални јавни институции | 7 |
| Број на бизниси | 17 |
| Вредност на мобилизирани ресурси | 244.683 МКД |

## ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА И МЕНТОРСТВО

Образовниот и менторскиот процес предводен од Акција Здруженска беше фокусиран на развој на капацитетите на поддржаните организации преку:

- Обуки и менторство за програмско и финансиско управување
- Теренска поддршка во заеднички активности за застапување

Организација на жени „Женско Лоби“ од Демир Капија за првпат доби институционален грант и стана дел од групата на шест организации поддржани со институционални грантови, добивајќи внатре организациска едукација со што ги зајакна капацитетите за управување преку развивање на процедури за финансиско и административно работење.

На заедничка воведна работилница, под менторство на Акција Здруженска 13 претставнички на проектните тимови на 5 партнерски организации кои планираат

проширување на своите теренски мрежи за поддршка го зголемија своето знаење и разменија добри практики и научени лекции во примена на теренски стратегии за зајакнување на жените.

Преку 5 дводневни работилници за инструктажа на нови 105 жени како потенцијални аниматроки од 10 нови локации ги зголемија свите знаење за значењето и придобивките од учеството на жените во локалното одлучување, мандатот, надлежностите и буџетите на нивните единици на локална самоуправа, како и се стекнаа за вештини за мапирање и испитување на заедницата. Врз основа на подготвените мапи и согласно прашалникот и упатствата за теренско истражување обезбедени од Акција Здруженска, 20 од нив успешно спроведоа теренска анкета со вкупно 703 жени во сите 10 опфатени локации.

Паралелно беа зајакнати капацитетите на локални женски кружоци од Струмица, Босилово, Свети Николе, Лозово, Куманово, Центар Жупа, Дебар, Радовиш, Конче, Демир Капија, Градско и Росоман за планирање иницијативи за мобилизација на локални ресурси кои резултираа со успешно спроведување на 4 заеднички иницијативи во поддршка на 2 женски заеднички центри, детско игралиште и јавен простор погоден за жени. Вредноста на локалните ресурси за која се проценува дека е мобилизирана финансиски и нефинансиски во вкупен износ од 244.683 МКД. Истовремено, четирите локални иницијативи беа поддржани од повеќе од 50 индивидуални членови на заедницата и припадници на дијаспората, кои успешно обезбедија финансиски и нефинансиски придонеси (материјал, работна сила и основни ресурси). Исто така, иницијативите вклучија и различни чинители од заедницата, како што се 7 локални јавни институции (училишта, општини и други установи), 17 бизниси и една граѓанска организација.

**ВМРЕЖУВАЊЕ**

На Шестата годишна средба на Мрежата Женски Кружок учествуваа рекорден број од 68 претставнички на локални организации и жени активистки од 44 рурални заедници.

Настанот овозможи размена на добри практики, дискусија за заеднички предизвици, идентификација на модели за локално застапување и промислување на феминистички стратегии за спротивставување на патријархалните општествени вредности. Активистките спроведоа процес на само-рефлексија за нивната положба во различни сфери на дискриминација и ги поставија темелите за меѓусебна поддршка и проширување на застапувањето надвор од непосредните егзистенцијални прашања.

Вмрежувањето придонесе за зголемена солидарност, подобро разбирање на дискриминацијата и ограничените можности со кои се соочуваат жените во различни контексти, како и за стратешко планирање засновано на проценка на контекстуалните предизвици и промени, размена на пристапи во застапување и научени лекции. Дополнително, ова придонесе за зајакнување на меѓусебната поддршка, координација и партнерство меѓу поддржаните организации и без посредство на Акција Здруженска, со што се зголемија солидарноста и капацитетите за заедничко дејствување.

## ЗАСТАПУВАЊЕ

Застапувањето Акција Здруженска во 2024 година беше главно фокусирано на справување со отпорот создаден од анти-родовото движење, кое го оспори развојот и усвојувањето на Законот за родова еднаквост. Како одговор, Акција Здруженска примени стратегија на намалување на штетите, пристап кој вклучуваше координирани средби за застапување со надлежното министерство и пратеници, како и јавни реакции иницирани од членките на Платформата за родова еднаквост, учество во дебати и давање јавни изјави за национални телевизии, онлајн медиуми и социјалните мрежи. Застапувањето беше насочено и кон меѓународната заедница, особено Шведска и Делегацијата на ЕУ, преку состаноци на кои беше потенцирана потребата од суштинска координација меѓу меѓународните актери и истакната, јавна поддршка за родовата еднаквост, со укажување дека проблемот треба да се третира во контекст на демократијата и доброто владеење. Сепак, повеќегодишните напори и директен придонес во процесот на застапување од

страна на Акција Здруженска беа обезвреднети поради успешниот отпор на анти-родовото движење, кое обезбеди јавна поддршка од верските лидери и политичките партии, што доведе до блокирање на усвојувањето на Законот за Родова еднаквост, без непосредни изгледи за негова повторна иницијатива.

Акција Здруженска даде значаен придонес во националните дискусии за политики поврзани со родова еднаквост, преку застапување за родово сензитивни реформи во управувањето, преку активно учество во локални и национални консултации и јавни дебати, како и преку изработка и споделување на препораки за политики засновани на докази во однос на три приоритетни области: Подобрување на законодавството за родова еднаквост и институционалните политики и практики; Зајакнување на женското лидерство и граѓанското учество; Поддршка на развојот и вклучувањето на женски групи во процесите на креирање политики на Владата.

**ВИДЛИВОСТ**

Напорите на Акција Здруженска за обезбедување поголема видливост на прашањето за граѓанското учество на жените – кое сеуште недоволно продира во јавната сфера како предуслов за унапредување на демократските процеси и одговорноста на институциите – беа интензивирани преку редовно објавување содржини на социјалните мрежи (Facebook и Instagram), кои постигнаа над 30.000 прегледи.

**НАЦИОНАЛНА, РЕГИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Акција Здруженска ја продолжи соработката со бројни национални и меѓународни чинители со активно учество на своите претставнички на важни настани и стратешки дијалози, организирани од регионални алијанси од Западен Балкан, глобални донаторски мрежи и настани под покровителство на Обединетите Нации.

Притоа Акција Здруженска даде значаен придонес во:

- Поврзување на граѓанскиот активизам
- Унапредување на соработката помеѓу феминистичките движења
- Развој на стратегии против анти-родовите наративи
- Размена на методолошки пристапи за работа со маргинализирани заедници и тешко достапни групи

Акција Здруженска, исто така, активно придонесе за зголемување на видливоста на прашањата релевантни за јавната дебата, преку обезбедување содржини за јавни реакции и вклучување во јавни кампањи како дел од заедничките напори со Платформата за родова еднаквост, кои добија значително медиумско покривање. Акција Здруженска беше активно вклучена во подготовка на десеттина јавни реакции кои се однесуваат на пропустите на институциите во заштитата на женските човекови права, фемициди, подкасти кои шират сексизам и шовинизам, отпорот кон усвојување на Закон за родова еднаквост и слично. Дополнително, Акција Здруженска беше еден од клучните кои придонесоа во концептот, креирањето на клучните пораки и учесник на традиционалниот годишен протест по повод 8 Март кој во 2024 беше со слоганот „Црвена линија: Правата на жените не се за преговарање!“ мобилизирајќи стотици присутни кои протестираа против нееднаквостите и неправдите кон жените и девојките, подигајќи ја свеста од потребата за унапредување на здравствените, образовните, работничките, културните, политичките и економските права на жените.

Акција Здруженска ја одржа веќе воспоставената соработка со најрелевантните институции со специфичен мандат за унапредување на женските права и родовата еднаквост: Собранието, преку Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Клубот на пратенички; Министерството за труд и социјална политика. Исто така, овозможена беше координација со најрелевантните граѓански организации кои работат во различни области, што придонесе за зголемена видливост на потребите за развој на локални женски организации и други прашања од интерес за развојот и вклученоста на граѓанскиот сектор во процесите на донесување одлуки.

Преку проактивен пристап, беа иницирани состаноци за претставување на организацијата и обезбедување ресурси за започнување на подготовките за стратегија за диверзификација на изворите на финансирање, како и за добивање поддршка и размена со женски фондови и поискусни организации, со цел да се обезбеди континуитет на компонентата за доделување грантови, градење капацитети и развој на стратегии за застапување. Акција Здруженска преку зајакнатата соработка со Женскиот фонд Реконструкција од Србија, Женска Екуменска Иницијатива од Хрватска и Меѓународната мрежа на женски фондови „Проспера“ пристапи кон процес на аплицирање за членство во оваа мрежа како стратешки важен чекор за постигнување на поголемата регионална и меѓународна видливост, градење врски со меѓународни сродни организации и поддршка на развојот и трансформацијата на Акција Здруженска во одржлив домашен женски фонд.

Дополнително, Акција Здруженска беше поканета да учествува на меѓународни настани на кои ги сподели ефектите и искуствата од работата со заедницата со препораки за ефективна поддршка на градење на женскиот граѓански активизам и застапувањето на правата на жените и родовата еднаквост. На покана на Економската комисија на Обединетите нации за Европа (UNECE) и Регионалната канцеларија на UN Women за Европа и Централна Азија (ECARO), извршната директорка на Акција Здруженска даде придонес како панелистка на панелот „Поттикнување на финансирањето за родова еднаквост“ во рамки на Регионалниот преглед Пекинг +30, во Женева, Швајцарија. Како дел од движењето Shift the power претставничка на Акција Здруженска придонесе во Онлајн панелот „Силата е во различноста? Поврзување на точките помеѓу филантропија на заедница, филантропија на жени и феминистичката филантропија“. Акција Здруженска стана дел од меѓународната иницијатива On the right track преку учество меѓународната средба „On the right track“ во Белград, Србија, каде што две претставнички на Акција Здруженска имаа прилика да разменат информации и искуства со над 100 претставнички на феминистички фондови и граѓански организации од Латинска Америка и Европа, покажувајќи ја својата решеност за заедничка одбрана на човековите права и демократијата.

Акција Здруженска воспостави соработка со дел од наставниот кадар на Институтот за родови студии при УКИМ, со цел да се искористат напредните технолошки решенија за справување со сеопфатниот проблем на дезинформации, погрешни информации и малигни информации (MDM) во контекст на родова еднаквост и антиродова мобилизација. Оваа соработка резултираше со развој на платформа базирана на вештачка интелигенција за борба против дезинформации и заштита на родовата еднаквост, во функција на јакнење на информацискиот интегритет и заштита на родовата еднаквост. При што создаден е онлајн портал: http://genderai.net, кој служи како централна платформа за пристап до следните три алатки:

1. Чатбот за информации за родова еднаквост
2. Чатбот за проверка на веродостојност на извори
3. Чатбот за обука за AI писменост

Во процесот на тестирање и евалуација на овие алатки учествуваа 450 студенти од ФИНКИ, Филозофскиот факултет и други академски институции со што се обезбеди практична примена, тестирање на корисничко искуство и анализа на ефективноста.

**ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА СТАБИЛНОСТ**

Во финансиска смисла, Акција Здруженска успешно го обезбеди планираниот буџет за 2024 година, вклучително и посебните средства од Фонд за поддршка на локалниот женски активизам. Вкупните приходи изнесуваа 17.138.053 МКД, додека пак вкупните расходи 11.069.299 МКД.

По првпат преку учество на Донаторски кружок, организацијата обезбеди средства од приватни донатори во износ над 304.110 МКД, промовирајќи филантропски пристап во поддршката на женските движења.

*Дополнително Акција Здруженска*:

- Реализираше надворешна евалуација на проектот Активни Жени отчетни власти 3;

- Спроведе надворешни контроли и подобрување на системот за управување со грантови;
- Го финализираше процесот на стратешко планирање;
- Го прошири својот тим со програмски асистент и координатор за комуникации;
- Започна со реконструкција на веб страната;
- Ја разви новата Стратегија на организацијата за период 2025-2028 со Акциски план;
- Тимот ги зајакна своите знаења од областа на антикорупција.

**ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**

**Детален прегед на трошоци**






**Приказ 3.** Преглед на трошоци според извор и структура на трошоци